поп Спиро, од родот Лалошооj. Трпана, односно калуѓерка Татиjана, прво беше во Побожjе и од таму заминува во Горњак, каде беше и калуѓерката Јелица (Параскева) и двете лично ги знам. Види, ( Р. бр 1 и 22, стр. 97-118, 148-158 во ТОМ-1 и стр. 688-732 и посебно на стр. 728 -730 во ТОМ-2 и Р. бр. 8, стр. 83 ).
За **Јелица** С. Кировска односно **Егуменка Параскева** од родот Базооj имам запишано кратка биографија во книгата Лица од Лешок. ( Р. бр. 25, стр. 150 - 151), а биографија имам и за Трпана Д. Ристовска, односно калуѓерката Татиjана од родот Љешкооj, Лешок. ( Р. бр. 25, стр. 171).
**в. Речник** ( Р. бр. 18, стр. 22, 67-68, 73, 101-102, 131, 133-134, 182, 211, 223, 267-268,), **Базооj, Дртооj, егуменка, калуѓерке, Лешок, Лешочки манастир, Параскева, Петка, род, слава, црква,**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  | |
| Параскева + | Јелица + | Јоанче + | Петко + | Благоја | Борче | Тодор | |

# 3. Бамбееj

**Бамбееj** е **нов род** од Лешок, доселени се од Рогачево. Слава на Бамбееj е **Св. Ѓорѓија**. Старите куќи беа на северо- исток од Бучеjца.( Р. бр.1 и 22, стр.148- 157 во ТОМ-1 и Р. бр. 18, стр. 23 ).
Јас го знам дедо Трпко, коj има три сина: Боре, Душан и Благоја ( Блаже) и три ќерки: Горица (Гора), Роса и Ана. Од овоj род повеќе ги знам браќата Душан и Боре Јанушевски, кои живееја во Лешок и ги викавме со прекарот Бамба.
**Душан Јанушевски** има два сина Перо и Бошко, кои имаат куќи во Лешок. Душан беше познат фурнаџија во Сараево, а неговиот занает го наследи синот Бошко, коj има пекара во Скопjе.
**Перо** Јанушевски има син Бранислав (Бране) и ќерка Наташа. Бране со Силвана од Брвенце имаат три деца: Петар, Павел и Симон. Наташа со Горан од Јегуновце имаат два сина Срећко и Давид. Перо изгради нова куќа во Кадриино и пред неколку години почина.
**Бошко** Јанушевски остана во старата куќа, а изгради и нова. Бошко со сопругата Тодорка од родот Љешникооj од Теарце имаат два сина Благоја и Душко. Благоја со сопругата Елена од Скопjе имаат син Теодор. Душко со сопругата Виолета од Јегуновце имаат син Божидар и ќерка Даниела. Со Бошко заедно учевме во осмо одделение во Теарце. Бошко е многу вреден, комуникативен, позитивен, правичен и секогаш има добар, ведар и насмеан дух. Благодарение на љубезноста и меморијата на Тодорка, сопругата на Бошко, за лицата од родот Бабмбееj, книгава е посодржаjна.
**Боре Јанушевски** има куќа лево под Бучеjца. Аџо Боре Бамба беше касап во Лешок, заедно со Боре- Касапот од Долно маало и со Сандро Тарзан од Тенеќе маало. **Боре** Јанушевски има син Љубе и ќерка Митра.
**Љубе** Јанушевски има син Борче и ќерка Весна. Борче со сопругата Ирена од Јегуновце имаат две ќерки Ана и Јана, а Весна со Панче од Бутел, Скопjе има син Андре. Љубе е една генерација после мојата, а Митра е една генерација пред мене и заедно учевме осмо одделение во Теарце. **Митра** е омажена за Симе од Волковија и има две ќерки: Светлана и Ленче. Светлана со Драган од Рашка, Србија имаат два сина Бојан и Стефан и Ленче со Мирко Видоевски од Тетово имаат син Игор. Митра пред некоја година почина. Види, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 151-155 и стр, 161-193 ).
**Блаже Јанушевски** се сели во Скопjе и има син Мирче и ќерка Нада.

**Горица (Гора**) е мажена за Ане Стојановски од фамилија Пауноој од родот Лалошоој од Лешок и имаат две ќерки Мирјана и Вукица. Вукица е мажена со Славко од родот Кокоој и имаат ќерка Александра и син Перица.
**Роса** е мажена во Сетоле и има ќерка Ана, која е мажена за Крсте Димев Јовановски од родот Јанини, со кого сме Генерација 1949/50. Види, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 134-135 и Р. бр. 25, стр.57), а кратка биографија за Љубе Јанушевски запишав во книгата **Лица од Лешок** ( Р. бр.25, стр. 65 ).
**в. Речник** ( Р. бр. 18, стр. 23, 50, 105, 223, 232, 262 ), **Бамбеej, Генерација, Касап, слава, Средби, фурнаџие,**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  | |
| Душан + | Горица + | Бошко | Перо + | Митра + | Љубе | Борче | |

# 4. Баракооj

**Баракооj** е **нова фамилија** од родот Дабоќеej од Тенеќе маало. Домашна слава е Св. Аранѓел. Старата куќа им беше во Тенеќе маало. Овој род, покрај Баракооj, може да се сретне и како Јурекооj, Цветанооj, Сирмини, Пашини и др., што зборува дека треба потомците точно да ја утврдат родовската врска. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ-1 и Р. бр. 18, стр. 61 ).
Ги знам таткото Стеван Барак, кој имаше два сина Никола и Косте и две ќерки Марица и Тодорка. Стеван-Барак беше многу мераклија за пиење. Стеван секое утро прво одел во подрум да пивне вино или ракија. Најпрво ќе се прекрстел и ќе речел: *Добро утро господин судија. За д,наске колку ќе ми пресудиш ?* и самиот ќе одговорил*: За д,наске имаш с,мо една полокањца вино*. И така, секое утро му почнувал денот со вино или ракија, како ќе му пресудел измислениот судија. Оваа, вистинска приказна ми ја раскажа чичко ми (**аџо**) Слободан Спироски, на основа некој комшија кој го следел наутро, кога Стеван се симнувал во подрумот и рано рано денот го почнувал со алкохол.
Никола Ристовски Барак, има син Влатко и ќерка Весна. Влатко млад почина, а Весна почина пред некоја година. Весна е мажена во Раотинце и има ќерка Драгана и син Дарко. Драгана е лекар, логопед и има ќерка Бисера, а Дарко има син Марјан.
Косте Стеванов Ристовски има две ќерки Јулија и Борка. Јулија почина и има син Бошко, кој е тренер за пливање во Кисела вода, Скопје и завршил ДИВ. Борка доаѓа во куќата на татко и Косте во Лешок и има син Бобан и ќерка Ана. Бобан е програмер и работи во фирма, а Ана млада почина.
Марица, ќерката од Стеван Барак, е мажена за Јове Митов Поповски од родот Лалошоој од Лешок и имаат ќерка Виолета и син Јасре. Јасре има ќерка Мара и син Јовица, со кого живеат во Лешок.
Тодорка, е мажена за Анѓелко Добревски од Џепчиште и имаат два сина Злате кој е починат и Димче, кој има две деца Ангелина и Тодорче. Анѓелко со семејството е заминат во Сантос, Бразил.
Никола Стеванов Ристовски (1937-2022) беше еден од основачите и беше многу активен во раководството на ФК ОНИКС, Лешок. Види, ( Р. бр.3 и 23, стр. 129-148 ). Никола, по некоја година изгради куќа во Долно маало. Никола и синот Влатко починати се и закопани во гробиштата во Долно маало. ( Р. бр, 1, стр. 148 -157, Р. бр. 8, стр. 53-54 и 279, Р. бр.3 и 23, стр. 129-148, Р. бр. 18, стр. 61, и Р. бр. 20, стр. 6 - 9 ).
Благодарение на Илија Драгутинов Каранфиловски од родот Белчевци, Делко Стојанов Стојановски од родот Ќапункооj, и Јасре Поповски, син на Мара од Баракооj, добив телефонски, броеви и податоци за наследниците на Косте, Никола и Мара.